# МАКЕДОНСКОТО ВОСТАНИЕ

# (1878-1879)

**Никола Минов**

Како последица на Источната криза (1875-1878) на Балканот се случиле значајни политички промени. Кризата започнала со востанието во Босна и Херцеговина во 1875 година. Во април 1876 година почнало Априлското востание во Бугарија, во мај истата година избило Разловечкото востание во Македонија, а во јуни Србија и Црна Гора влегле во војна со Османлиската Империја. Овие и редица други настани создале плодна почва за вмешување на Големите сили во внатрешните работи на Империјата. Најактивна на тој план била Русија, која во април 1877 година влегла во војна против Османлиската Империја. За неполна година руските сили стигнале до Ќустендил и Горна Џумаја, а на исток до пред Цариград. Во меѓувреме во војна против Империјата повторно се вклучиле Црна Гора и Србија. При такви околности, на 19/31 јануари 1878 година, поразената Османлиска Империја го потпишала Одринското примирје, а на 19 февруари/3 март 1878 година бил потпишан Санстефанскиот прелиминарен договор.

Со договорот од Сан Стефано било предвидено и создавање на голема бугарска држава, во која, покрај Бугарија и некои српски и албански области, се предвидувало да влезе речиси целата османлиска Македонија. Со оглед на тоа што значаен дел од териториите што требало да влезат во Бугарија не биле окупирани од руските трупи, според договорот било предвидено повлекување на османлиските трупи од тие територии и сместување на руска војска со мандат од две години, додека да се организира бугарска цивилна власт. Во тој контекст, руската команда презела практични мерки за окупација на Македонија. Се предвидувало во својство на граѓански комесар, со седиште во Битола и на чело на окупационите трупи, да замине Михаил Хитрово. За таа цел биле определени воени единици и биле одбрани 70 офицери за губерниски и окружни началници. Бидејќи ваквиот воен контингент не бил доволен, се предвидувало тој да

биде помогнат од локални чети. Меѓутоа, поради комплицирање на меѓународната ситуација во врска со проектот Санстефанска Бугарија и опасноста од нова европска коалиција насочена против Русија, руското царство одлучило да не започне со спроведување на овие одредби од Санстефанскиот прелиминарен договор.

Во екот на османлиските воени порази, положбата на христијанското население во Македонија станала неиздржлива. Од една страна, за време на Источната криза во Македонија пристигнала голема маса муслимански бегалци (мухаџири) од Босна, Србија и Бугарија. Гладни, голи, боси и озлобени, овие огорчени луѓе своето незадоволство од бегалската судбина го истурале врз месното христијанско население. Тие станале тежок економски товар за македонските села и градови, а нивните грабежи дополнително ја заостривале кризната ситуација и придонесувале кон расположението за масивен отпор. Од друга страна, крстосувачките војски и башибозуци ги уништувале или ги одземале безмалку сите продукти од селаните. Даноците биле собирани неколку години однапред, а како последица на Руско-турската војна, голем дел од христијанското население било подложено на ангарија во далечни места. Притоа, настанатиот метеж им дал можност на сите декласирани елементи во османлиското општество да се фатат за оружје и да дојдат до израз масовните грабежи, палежи на села и убиства над незаштитеното население.

Втора претпоставка за масовен отпор кон османлиските власти во Македонија, конкретно во нејзиниот североисточен дел, претставувале наследените борбени традиции, стекнатото вооружено искуство и зголеменото присуство на христијански чети во 1877. По неуспехот на Разловечкото востание, организаторот на востанието, Димитар Поп Георгиев Беровски, со чета од триесетина борци продолжил да ги обиколува Малешевско, Петричко и Мелничко. Од пролетта 1877 година, оваа чета дејствувала во заднината на османлиските трупи кои се бореле против српската и руската војска. Слични појави се забележани и во поширока пиринска област, источно од Средна Струма, каде што дејствувале дружините на Стојан Карастоилов, Тодор Паласкарја и Коста Кукото, на кои летото 1878 година им се придружиле помалите чети на Кочо Љутата и Стојко Цапаревецот.

Доаѓањето и стационирањето на руска војска на прагот на североисточна Македонија ги интензивирало востаничките пулсации во тој регион. Кон ова голем придонес имале оние македонски доброволци кои учествувале во Руско-турската војна и Српско-турската војна. По пристигнувањето на руските трупи во Ќустендил, дел од македонските доброволци се одвоиле од руската војска и преминале на територијата на

североисточна Македонија. Така, во јануари 1878 година, војводата Дедо Ињо Малешевски и поголема група борци преминале во Пијанечкиот регион и му се придружиле на Д. Поп Георгиев Беровски. Таму тие го обезоружале турското население и организирале локална власт заедно со селските првенци.

Под притисок на европските сили, Русија манифестирала подготвеност за отстапки, со што бил отворен патот кон Берлинскиот конгрес (13 јуни-13 јули 1878 година), на кој била извршена целосна ревизија на Санстефанскиот договор и геополитичката карта на Балканот претрпела значајни промени. По Конгресот во Берлин, османлиската власт на Балканот останала реалност во Македонија, Албанија и Косово, за кои што Империјата според член 23 од Берлинскиот договор била задолжена да спроведе реформи врз основа на посебни статути, аналогни на Критскиот органски устав од 1868 година.

Веста за берлинските решенија дејствувала како катализатор врз докрај вознемирените духови во Македонија. Незадоволството и готовноста за продолжување на борбата биле особено силни кај населението на веќе ослободената Горна Џумаја и воопшто во граничните предели кои биле во непосредна врска со руските окупациони трупи. Покрај постојните, се формирале нови чети кои ја минувале демаркационата линија и влегувале во судири со турските потери. Иницијатори за формирање на вакви чети најчесто биле поранешните доброволци во Руско-турската и Српско-турската војна, родум од североисточните македонски региони. Во Горноџумајско и околу Каршијак се сконцентрирале четите на С. Карастоилов, К. Љутата и Стојо Торолинко. Во Ќустендил, од источната страна на демаркационата линија, се нашле голем број на бегалци од Малешевско и Пијанечко, кои поради својата положба претставувале потенцијална востаничка сила. Дел од овие бегалци, заедно со тамошните поранешни четници на И. Малешевски и доброволците од војните, биле ангажирани за одбрана на демаркационата линија од напади на османлиски војски и башибозук. Тие всушност ја сочинувале пограничната стража на целиот сектор од Горна Џумаја до Деве Баир. Притоа, овие чети често влегувале во судир со османлиски трупи и башибозучки потери. Од своја страна, османлиските власти биле свесни за востаничкиот набој и презеле извесни мерки за негово спласнување. Било распределено оружје меѓу турското население во пограничниот појас и биле опожарени повеќе села покрај демаркационата линија и во пределите источно од средна Струма и од левата страна на реката.

Одлуките на Берлинскиот конгрес делувале поразително врз бугарските политичари, националисти и егзархиски кругови. Трибутарно кнежевство Бугарија било формирано само на дел од проектираната Санстефанска Бугарија, меѓу реката Дунав и Стара Планина. Јужно од Кнежевството била формирана автономна провинција Источна Румелија. Особено болно за овие бугарски и про-бугарски кругови било останувањето на Македонија под османлиска власт.

Бугарските националисти и егзархиските свештеници биле свесни за востаничкото расположение на македонскиот народ во пограничниот регион. По потпишувањето на Берлинскиот договор, во Пловдив и Софија се групирал најголемиот дел од бугарската интелигенција и егзархиската врхушка. Во Софија се нашол и протераниот охридски митрополит, Натанаил Кучевишки, кој тука бил детално информиран за состојбата во пограничниот регион и за положбата во внатрешноста во Македонија. Притоа Натанаил бил посетен од Д. Карамфилович и В. Диамандиев, кои со него ја споделиле својата замисла да состават комитет на чело со софискиот митрополит Мелетиј, кој би бил задолжен за собирање на средства и организирање на востание во Македонија. Натанаил ги одобрил овие планови и сам се зазел за нивна понатамошна реализација. Освен што се ангажирал да ја добие поддршката од руските окупациони власти во Бугарија, пред кои што ги истакнал опасностите „за словенството (во Македонија) поради нејзиното одделување од Бугарија", тој во јули 1878 година заминал кон Ќустендил каде што се сретнал со тамошните војводи, кои, според неговите белешки, го прифатиле да биде нивен предводник и управник.

Кон крајот на август 1878 година, во Велико Трново, од страна на дел од поранешните дејци на бугарското националноослободително движење бил организиран благотворителниот комитет „Единство". Бугарските националисти ја имале предвид можноста потенцијалното востание во Македонија да биде претставено како протест против решенијата на Берлинскиот конгрес и наводното неправедно отцепување на Македонија од Бугарија. Притоа, тие биле свесни дека едно такво востание во пограничните реони би се потпирало на веќе ослободената Бугарија, која можела да послужи како негова надворешна база за вооружување, регрутирање и организирање на востаничките сили. Од друга страна, едно востание во Македонија би го привлекло европското внимание и, дури и доколку заврши со неуспех, во најмала рака би можело да послужи како средство за притисок во полза на автономијата на Источна Румелија и нејзино поголемо осамостојување од зависноста на султановата влада.

Уште на самиот почеток трновскиот благотворителен комитет „Единство" си поставил задача да ја увиди на лице место состојбата на востаничкото дело во Македонија и да се поврзе со неговите раководители. Во таква функција бил испратен Михаил Сарафов, по чие известување за состојбата, трновското „Единство" констатирало дека треба целосно да се поддржи започнатото дело на Македонците, да се испрати оружје и да се агитира за востание од пошироки размери. Во меѓувреме, софиското благотворително друштво било преименувано во благотворителен комитет „Единство" под претседателство на софискиот митрополит Мелетиј и го прифатило уставот на својот трновски клон. По истиот принцип, набрзина никнале клонови на „Единство" во Горна Џумаја, Дупница, Ќустендил и на други места. Комитетите решиле „да се поткрепи востанието, целото движење да се насочи кон определена политичка цел и да му се даде единствено воено-четничко и политичко раководство". Притоа, се заложиле да дејствуваат со поединечни и меѓусебно неповрзани чети, формирани во Бугарија и уфрлани во Македонија. Ориентацијата на овие комитети била четничко-бунтовничкото движење да се прошири врз што поголем број на региони во Македонија, со првенствена цел тоа да се претстави пред Европа како желба на Македонија за присоединување кон Бугарија. Во тој контекст, софискиот комитет „Единство" организирал неуспешен обид за продор во Македонија на две востанички чети. На почетокот на септември 1878 година, чета предводена од рускиот козак, Адам Калмиков, составена од доброволци од Видин и Ќустендил, била разбиена од турската стража при Деве Баир, а Калмиков морал да се врати по нови ресурси во Софија. Истата судбина ја доживеала и втората чета на „Единство", предводена од Полјакот, мајор Луј Војткевич.

Контактите на митрополитот Натанаил со македонските војводи дале поплодни резултати. На 8 септември 1878 година, во Рилскиот манастир, на средба помеѓу Натанаил, Дедо Иљо Малешевски, Д. Поп Георгиев Беровски и окружните руски управници на Ќустендил и Горна Џумаја, Овсјанин и Шевченко, биле донесени неколку решенија кои претставувале увертира во блиското востание. Решенијата се сведувале на собирање на востаници и нивно организирање, создавање и организирање на месна стража по должината на границата кај Горна Џумаја, со задача да го заштитува регионот од башибозучки напади, која би претставувала дополнителен контингент за идното востание. Поради тоа што Натанаил бил повикан во Пловдив, Д. Поп Георгиев Беровски бил задолжен да ги реализира донесените одлуки.

Енергичниот Беровски веднаш започнал со имплементација на договорените подготовки. Во различни реони на околијата биле организирани месни стражи (крај с.

Осеново, над Вардина скала и околу Кресна). Овие стражи биле поставени на стратешки места и имале задача да ја штитат границата. Месното население било задолжено да ги снабдува стражите со храна. Големи усилби биле положени за набавка на оружје, како и за прием, вооружување и опремување на сè поголемиот број бегалци и доброволци од Македонија. Истовремено со воено-техничката била извршена организациска и политичка подготовка. Кон крајот на септември 1878 година, во Г. Џумаја биле повикани на советување војводите на локалните чети. Според Т. Страхинов, на ова советување „револуционерниот комитет реши да започне востание против Турција и на тој начин да се спречи (потпишаното на) Берлинската конференција". На советувањето требало да се одлучи кога би започнало востанието и каде би бил насочен првиот востанички удар. Иако поголем дел од војводите предлагале востанието да започне со напад врз османлиските трупи кај Делчево, С. Карастоилов, кој бил избран за главен војвода, го одбил предлогот под претекст дека не ја познава добро таа територија, и одлучил востанието да започне во Кресна.

Така, од 1/13 до 4/16 октомври 1878 година, во с. Србиново, на два часа оддалеченост од Кресна, се групирале четите на војводите С. Карастоилов, Т. Паласкарја, К. Кукето, К. Љутата, С. Торолинко и др. На 3 октомври ним им се придружила и четата на капетанот Адам Калмиков. Ноќта на 4/16 кон 5/17 октомври четите се разделиле на 4 одделенија и од с. Србиново се стационирале на половина час оддалеченост од Кресна, непосредно пред кресненските анови. Тивко, дел од востаниците се приближиле на само 50-60 чекори од најистурените османлиски позиции. Турската стража го забележала движењето и испукала три пати кон македонските востаници. По наредба од С. Карастоилов, востаниците возвратиле на огинот.

Од дотука изложеното можеме да резимираме дека востаничкиот набој во североисточна Македонија се должел на редица внатрешни и надворешни фактори. Заостренатa политичка и социјално-економска положба на македонското христијанско население претставувала основа за почеток на востание. Присуството на руски војски во Горна Џумаја било мошне силен фактор кој давал надеж за руска воена интервенција. Охрабрувачки фактор било и присуството на македонските доброволци од Руско-турската и Српско-турската војна. Притоа, во прилог на востанието се изјаснувале и македонските војводи, како и протераните егзархиски митрополити, Натанаил Охридски и Кирил Скопски. Востаничката атмосфера треба да се поврзе и со тогашната надворешно политичка ситуација. Политичкото раководство на движењето знаело дека претстои конференцијата на претставниците на европските сили во Цариград, а потоа и

во Пловдив, која требала да изработи органски устав за автономната Источна Румелија. Овој факт влевал надежи за измена на политичкиот статус на Македонија, дотолку повеќе што тоа го предвидувал чл.23 од Берлинскиот договор.

*

*                    *

В зори на 5/17 октомври 1878 година, околу 400 македонски востаници ги нападнале османлиските трупи кај кресненските анови и по 18-часовна битка успеале да го скршат османлискиот отпор. Овој судир го означил почетокот на Македонското (Кресненско) востание.

Во оваа битка, освен 400-тината востаници, учествувале и неколку стотини селани од Кресна, Влахи и Оштава, кои при првиот истрел им се придружиле на македонските чети. Под водство на С. Карастоилов, востаниците успеале да ги опколат османлиските трупи, да го прекинат нивниот дотур на храна и вода и да ги принудат на капитулација. До крајот на денот, 111 војници и 2 офицери им се предале на востаниците. Девет османлиски војници биле убиени, а 11 ранети. Македонските востаници имале 1 убиен и 3 ранети борци. Освен заробените офицери и војници, во востанички раце паднале стотина пушки, 13 товари муниција и 13 коњи.

Судирот кај Кресна покажал и одредени слабости во востаничките редови. Од различни причини, оружјето и муницијата им биле разделени на поголемиот број борци дури на самиот почеток на битката, при што муницијата не соодветствувала со типот на пушките. Од друга страна, со исклучок на доброволците од претходните војни и на поранешните ајдуци, на многумина востаници им недостасувало борбено искуство, што имало негативен одраз во понатамошниот тек на настаните. Во тој контекст, Д. Поп Георгиев Беровски презел одредени мерки веднаш по освојувањето на Кресна. Во писмо од 6/18 октомври, тој настојувал кај џумајскиот комитет „Единство“ да се формира посреднички пункт меѓу востаниците и комитетите „Единство“ кај с. Србиново, преку кој би било доставувано оружје и муниција, би се репатрирале заробените Турци и би се евакуирале ранетите востаници.

Големата востаничка победа кај Кресна имала големо влијание врз понатамошниот развој и опфат на Македонското востание. Всушност, презентацијата на востаничката моќ постигнала многу поголем ефект од сета претходна агитација за

востание. Така, кај востаничкото раководство започнале да пристигнуваат писма од селата во внатрешноста на Македонија, со барања за совети, помош и оружје, во кои македонските селани ја изразувале својата подготвеност за борба. Одекот од победата кај Кресна не бил ништо помал и меѓу турското население во регионот. „Турците толку се исплашија што некои (турски) села побегнаа без битка, а други, оддалечени 8 часа од востаниците, испраќаат луѓе со молба да се предадат“ – запишал Д. Поп Георгиев Беровски во писмо до џумајскиот комитет „Единство“.

По успехот кај Кресна, востанието се разгорело во внатрешноста, проширувајќи се во две насоки – по долината на Струма кон Мелник, и западно од Струма, во пределот Каршијак. Двајца од војводите со своите чети ја продолжиле битката и навлегле подлабоко во османлиска територија, додека главнината, заедно со заробените Турци, го прочистувале реонот на Кресна и Кресненската клисура. Веќе на 6/18 октомври востаниците без битка го освоиле с. Оштава, а следниот ден основните востанички сили се стационирале во с. Влахи, кај што се одиграла втората поголема битка со османлиските трупи. Околу 500 души војска и башибозук од Мелничко ја нападнале востаничката стража над с. Влахи, ја разбиле и навлегле во селото, но по 13-часовна битка тие биле одбиени од македонските востаници и протерани од селото.

Врз база на првобитните победи, во Влахи било формирано востаничкото раководство. Раководното тело било именувано „Штаб на македонските востаници“. Во него влегувале Д. Поп Георгиев Беровски како началник на штабот, А. Калмиков како атаман на востаниците и Г. Михајлов како помошник на штабот и касиер. За главен војвода бил прогласен С. Карастоилов, а втор, трет и четврти војвода биле К. Кукето, С. Торолинко и К. Аризанов Светирачки.

Началникот на Штабот на македонските востаници своите писма ги потпечатувал со печат во кружна форма, на чија површина бил изгравиран текстот „*Печать началнїк щаба на Македонското востанїе 1878*“. Притоа, востаниците инсистирале на вакво именување на востанието, што може да се согледа и од едно писмо-протест од А. Калмиков до комитетот „Единство“, во кое атаманот запишал „*...Вие се воздржувате да пишувате... ‘од македонскиот комитет’ – тоа име нема да умре и затоа Ви соопштувам дека без зборот ‘македон’ Вашите писма ќе Ви бидат вратени назад – молам ова да им го соопштите на сите комитети*“. Оттука, иако во постарата македонска историографија било користено името Кресненско востание, а бугарската историографија, која и понатаму неправилно го третира востанието како бугарско, истото

го именува Кресненско-Разлошко востание, нема причина да не се прифати името што самите востаници го употребувале за нивното востание – Македонско востание.

По консолидирањето на востаничката власт во Влахи, воеcostното раководство на Македонското востание го разработило планот за понатамошно дејствување и распон на востанието. Откако било констатирано дека четата на Т. Паласкарја ја штити границата кон Разлог, а неколку војводи веќе дејствувале длабоко во Каршијак, се разгледало прашањето за настап кон Мелничко и Петричко. Сепак, поради опасноста од толку длабоко навлегување во османлиска територија, востаниците одлучиле најпрво да се утврдат востаничките позиции во Каршијак и да се освојат тамошните турски села. Во тој контекст, на 7/19 октомври, С. Карастоилов со чета од 50-60 души се насочил кон Каршијак и го изгорел напуштеното турско село Грнчар. На 9 октомври востаниците предводени од А. Калмиков воделе тешка битка со броен башибозук за преземање на с. Мораска. Во судирот надвладеале македонските востаници, меѓутоа, токму во оваа битка биле констатирани извесни слабости. Во отсуство на С. Карастоилов и Д. Поп Георгиев Беровски, раководството при овој напад му било доверено на А. Калмиков. За време на судирот, многу од неискусните востаници се разбегале, а самоволието на Калмиков ги предизвикало првите невини жртви. По негова наредба била убиена една Турчинка заедно со нејзините деца. Самиот Калмиков го убил стариот четник Ѓорѓи од с. Белотинци поради тоа што ја заменил својата пушка со друга, а барутот му го продал на друг четник. Како резултат на овие настани, Калмиков се вратил во Влахи само со 30 од своите 200 востаници и, според тврдењето на Д. Поп Георгиев Беровски, македонските востаници биле принудени да го одложат понатамошниот продор додека да ги соберат и убедат дезертерите да се вратат во четата.

По битката кај с. Мораска, востаниците завладеале со испразнетите турски села во регионот. Во с. Брезник, тие заплениле поголемо количество храна и бакар, по што С. Карастоилов и останатите војводи се прибрале кај Штабот во с. Влахи.

Во меѓувреме, додека востаничките чети го ширеле опсегот на слободната територија, Д. Поп Георгиев Беровски и неговите помошници го организирале редот во заземените региони, воспоставувале врски со сите области зафатени со востанието и ги формирале органите на новата револуционерна власт. Штабот на македонските востаници настојувал кај благотворителните комитети да бидат испраќани помодерни пушки, Мартинки и Винчестер, ги прифаќал новодојдените борци од внатрешноста на Македонија и од Бугарија, и презел мерки за мобилизација на сите борбено способни

христијани од регионот. Началникот на Штабот, Д. Поп Георгиев Беровски, имал предвид дека дел од востаничките кадри биле поранешни ајдуци и арамии кои тешко раскинувале со старите практики. Од друга страна, Беровски бил свесен дека Македонското востание ќе има силен одек кај меѓународната јавност пост-Берлинскиот конгрес и дека секој чекор на востаниците ќе биде детално анализиран. Во тој правец, Штабот презел драстични мерки за да се прекине секакво самоволие и да се воведе строга дисциплина во востаничкиот табор. При организацијата на цивилната власт било создадено полициско начелство, со задача да собере данок од преземените места и од воено неспособните лица, да мобилизира нови борци, да ги преследува дезертерите, да го чува поредокот и мирот кај населението и тн. Раководството на полициското начелство било сместено во Кресна и било составено од 6 членови, селани од Кресна, Влахи и Оштава.

Мошне горчлив проблем уште од самиот почеток на Македонското востание претставувало вооружувањето на востаниците. Клучот за овој проблем го држеле комитетите „Единство“, конкретно централниот комитет во Софија, па оттука речиси во секое писмо од Штабот во Влахи, од комитетите се барало најитно испраќање на оружје и муниција. Меѓутоа, додека Д. Поп Георгиев Беровски во своите писма барал 2 до 3 илјади пушки и најмалку 50 товари муниција, во првите 20 дена востаниците добиле само 60 пушки. Всушност, софискиот комитет презел конкретни мерки оружјето да не биде испраќано од Горна Џумаја кај востаниците во Кресненско и на тој начин го блокирал развојот на востанието. Наместо во Македонија, оружјето и доброволците биле испраќани кон Ќустендил, а Штабот на македонските востаници добивал инструкции да изведува кратки и брзи акции со кои „ќе се крене шум“, да испрати дел од своите сили во Разлог, и една чета предводена од попот Константин Буфски да навлезе во внатрешноста во Македонија и да се упати кон западна Македонија. Конкретно, на комитетите „Единство“, предводени од бугарски и про-бугарски националистички кругови, им било потребно распрснување на востаничките сили и создавање на впечаток дека цела Македонија се крева во протест против Берлинскиот конгрес и нејзиното отцепување од Санстефанска Бугарија.

Од своја страна, Д. Поп Георгиев Беровски сметал дека востанието требало да се шири постепено и да напредува кон запад и југ дури откако ќе се зацврсти востаничката власт во заземените територии. Во писмо од 10 октомври Беровски се запрашува „зошто комитетите засега стојат ладнокрвни кон овој регион, а без потреба ги концентрираа сите сили во Ќустендил?“

Кон средината на октомври во востаничкиот регион пристигнало засилување – во с. Брезница се стационирала чета од 250 души, предводена од Л. Војткевич. Полскиот офицер имал чин мајор и оттаму се повикувал на командни права во востанието. Во интерес на делото, на советување во с. Влахи било извршено ново устројство на востаничкото раководство, при што биле формирани две командни одделенија, на чело со А. Калмиков и Л. Војткевич. На тој начин, востаничките водачи се стремеле да ги смират двајцата туѓинци кои покажувале отворени претензии да го заземат челното место во востанието. Калмиков и Војткевич добиле само командни права, додека Штабот го зачувал правото да се грижи за организацијата и раководството со востанието. Меѓутоа, ова не ги смирило амбициозните и славољубиви авантуристи. Веднаш по реорганизацијата на власта, ривалството меѓу нив за примат во востанието достигнало до степен да „бидат готови да се фрлат едни против други", што пак од своја страна внесувало раздор и поделби меѓу востаниците.

Безуспешните напори за примирување на двајцата дојденци резултирале со нивно конечно протерување од востаничките редови. На 21 октомври/2 ноември, раководителите на востанието одлучиле да ги отстранат Калмиков и Војткевич од востаничкото раководство. Калмиков бил испратен кај комитетот во Горна Џумаја, а Војткевич се повлекол кај својата чета во с. Брезница, каде што продолжил да сее раздор, иако му било јасно укажано да го напушти востаничкиот реон, бидејќи во спротивно ќе биде даден на суд или ќе се испрати чета „да го фати и да го застрела јавно пред востаниците".

Оттогаш, на чело на Македонското востание застанале војводите-Македонци, предводени од С. Карастоилов, кој едногласно бил прогласен за главен командант на востаниците, додека Штабот на чело со Д. Поп Георгиев Беровски продолжил да ги извршува истите функции.

Поради протерувањето на А. Калмиков и Л. Војткевич без консултации со „Единство", џумајскиот комитет го повикал Д. Поп Георгиев Беровски да се јави во Г. Џумаја и да ја објасни одлуката. Меѓутоа, Беровски и македонските војводи ја насетиле стапицата и го игнорирале повикот. Оваа одлука крајно ги заострила односите меѓу бугарските комитети и македонските војводи. Покрај тоа што Беровски и неговите соборци ги игнорирале тактичките инструкции на „Единство", тие покажувале целосна самостојност при донесувањето на одлуките и не им дозволувале на комитетите да се

мешаат во воените работи, ограничувајќи ја нивната улога на снабдување на четите со оружје и трансфер на доброволците од Кнежевството во Македонија.

Во последната недела на октомври 1878 година, во востанатите региони конечно пристигнал поголем контингент на борци. Од страна на комитетите „Единство" кон Кресна и Влахи биле упатени чети собрани во Кнежевството Бугарија, составени и предводени од Бугари. Независно од нив, на востанатата територија придошле и четите на поп К. Буфски, Г. Огненов, С. Николов и др., во бројност од 300-350 души, кои од Западна Македонија се стационирале во Источна Румелија, а оттаму, по почетокот на Македонското востание, дошле во североисточните македонски региони. Во вакви услови, по успешното организирање на власта во освоените региони, а делумно и под притисок на комитетите „Единство" кои инсистирале на проширување на територијалниот опсег на востанието, во втората половина на октомври востаниците започнале нова офанзива. Во мелничките села Градешница и Белица, јужно од Кресна и Влахи, се сконцентрирал поголем број на башибозук, кон кого се придружила и редовна османлиска војска.

По првобитните преговори меѓу војската и востаниците, кои всушност претставувале османлиски обид за проучување на востаничките сили и дали се истите поткрепени од руските војски, на 28 октомври/9 ноември, во реонот на селата Белица, Плоски и Градешница, започнала една од најголемите битки во Македонското востание. Во писмо до џумајскиот комитет, Д. Поп Георгиев Беровски истакнувал дека востаниците ја однеле победата во битката, но притоа се пожалил дека новодојдените доброволци биле јунаци „само на пиење" и дека најголем дел од нив побегнале „кој каде најде". Изјавата на Беровски за постигнатата победа била избрзана. При првиот ноќен напад на востаниците, на османлиската војска ѝ било потребно време да се организира, но таа набргу успеала да се состеме и да надвладее. Еден дел од востаниците, пред сѐ неискусните доброволци, се разбегале, дел биле заробени, а дел убиени. Веднаш потоа, османлиската војска започнала да напредува по левиот брег на Струма и стигнала до Влахи и Кресна, но соочена со опасност од напад од Каршијак и Разлог, се повлекла и се утврдила на Белица и Градешница. Оттогаш, востаниците се наоѓале во дефанзива. Неуспехот во оваа битка се должел на редица причини. Покрај дезертерството и неискуството на доброволците, вина сноселе и дел од новопристигнатите војводи од Бугарија и Западна Македонија, кои заедно со своите чети побегнале од бојното поле. Од друга страна, сѐ уште инсистирајќи на проширување на востаничкиот опсег, комитетите „Единство", сега лично предводени од Натанаил Охридски, ги разложиле востаничките сили, откако на

четата на Орчо војвода ѝ било наредено да се повлече кон Ќустендил, а војводата Б. Маринов со својата чета бил упатен кон Разлошко. Оттука, селата Градешница, Плоски и Белица ја претставувале најјужната точка до која што стигнала слободната востаничка територија во овој период од Македонското востание.

Востаничките дејствија во Разлошко биле реализација на планот на бугарските комитети за разложување на востаничките сили и предизвикување на „поголем шум“. На 8/20 ноември четата на Б. Маринов, кон која се придружиле востаници од неколку разлошки села, навистина успеала да го ослободи Банско. Но по смртта на Маринов, на чело на востаниците застанал Л. Војткевич, кој не се покажал достоен на задачата да ги предводи четите во Разлошко. Под притисок на зголемените османлиски редовни војски, Војткевич побегнал од реонот, а на 17/29 ноември Османлиите повторно го освоиле Банско. Оваа краткотрајна локална буна го чинела народот од разлошкиот крај 5 ограбени села, околу 120 човечки животи и неколку илјади македонски бегалци.

Неуспехот на востаничката офанзива кај Градешница и Белица го означил почетокот на најхаотичниот период во Македонското востание. Од една страна, востаниците биле соочено со обезглавување на востанието од дотогашното лидерство од страна на бугарските комитети, а паралелно со тоа, османлиската офанзива и терор предизвикала хаос во востаничките редови и пред сè кај цивилното македонско население.

Во однос на османлиската офанзива, работите се мошне јасни. Околу 8.000 османлиски војници, снабдени со артилерија, по краток судир на 9/21 ноември го освоиле Влахи, а два дена подоцна го запалиле с. Кресна и го прекинале востаничкото движење. Според сведоштва од пребеганите селани, на патот кон Кресна османлиската војска и башибозукот изгореле 1.320 куќи во 12 села и убиле многумина селани. Бегајќи од војската, македонските селани се упатиле кон Џумајско и Дупничко.

Во однос, пак, на хаосот што настанал во востаничките редови како последица на воениот пораз и, главно, на длабокото инволвирање во настаните на софискиот комитет „Единство“, ситуацијата била покомплицирана. Од една страна, неуспехот кај Градешница, Белица и Плоски резултирал со одлив на востаниците од селата. Само малкумина останале подготвени за битка во реонот Кресна-Влахи-Оштава. Од друга страна, односот на „Единство“ и бугарските фактори кон востаничките лидери, го осудиле востанието на пропаст.

По протерувањето на А. Калмиков во Горна Џумаја, рускиот козак се упатил во Софија каде што го известил лидерот на софиското „Единство“, митрополитот Мелетиј, за „безредието“ во Македонското востание. Се чини дека ова обвинување било добредојдено за „Единство“ да се пресмета со непослушните Македонци. Во писмо од 30 октомври/11 ноември 1878 година, софискиот комитет го известува својот клон во Горна Џумаја дека софиското „Единство“ одлучило да се уапси началникот на Штабот на македонските востаници, Д. Поп Георгиев Беровски, и да се определи една привремена тричлена комисија составена од Д. Стателов, П. Урумов и А. Георгов, која ќе ја преземе сета управа во „ново освоените места“. Притоа, на џумајскиот комитет му било наредено да се потчинува на комисијата која го претставувала „Централниот (софиски) комитет“. На тој начин, софискиот благотворителен комитет се стремел да ги преземе нештата во свои раце и, преку трочлената комисија, директно да раководи со Македонското востание. Оваа одлука на софискиот комитет била резултат на редица причини. Од една страна, во Софија согледале дека македонските востанички лидери настапувале самостојно, согласно моменталната состојба и локалните потреби. Локализирањето на востанието, инсистирањето на термините македонско, македон и тн. и оглушувањето кон наредбите што доаѓале од Бугарија претставувале реална опасност за Бугарија дека востанието ќе заземе целосно самостоен тек и нема да се постигне ефект каков што би ѝ одговарал на Бугарија. Без проширување на востаничкиот опсег, без „кревање шум“ и давање на бројни жртви како последица на османлиската реакција, востанието не би можело да го задржи европското внимание, а како последица и не би можело повторно да се актуелизира прашањето за приклучување на Македонија кон Бугарија. Оттука, Комитетот бил принуден да ги преземе конците на востанието, со тоа што ќе ја наметне својата политичка и тактичка линија.

Прва жртва на оваа замисла бил дотогашниот началник на Штабот на македонските востаници, Д. Поп Георгиев Беровски. На 11/23 ноември тој бил уапсен и затворен во Горна Џумаја. Трочлената комисија, обезбедувана од А. Калмиков и редица други странски доброволци, ја презела улогата на привремена власт во востанатиот регион и вршела врховен надзор врз востанието. Притоа, на раководните места за воените работи биле поставени А. Калмиков и Л. Војткевич – првиот како „атаман“, а вториот како раководител со востанието во Разлошко.

Единствениот авторитетен лидер што во тој миг опстојувал на теренот бил војводата С. Карастоилов. Всушност, покрај него провизорната трочлена комисија не можела да се наметне како главен фактор во востанието. Набргу меѓу новодојдените

странски доброволци и старите војводи започнало отворено непријателство и спор за карактерот на борбените дејствија. Заземајќи ја страната на месните војводи, С. Карастоилов станал главна мета на тричлената комисија и странските борци. При подготовка на завера против Карастоилов, странските доброволци најпрво уапсиле дел од неговите луѓе, а на 25 ноември во с. Оштава, Карастоилов и двајца од неговите другари биле убиени на спиење. За да го оправда убиството, т.н воен совет на востанието, со учество на комесарот Д. Стателов, составил записник во кој Карастоилов и неговите другари биле обвинети за непослушност, продажба на бакарот што бил одземен од Турците во с. Брезник, како и за други злоупотреби.

Според бугарската историографија, убиството на Карастоилов било последица на непријателството помеѓу т.н надворешни (странски доброволци) и внатрешни („бугарските востаници“). Ваквата теза го покренува прашањето зошто доколку навистина се работело за непријателство помеѓу туѓинците (Руси, Полјаци, Австро-Унгарци, Срби и тн.) и локалните „Бугари“, претставникот на комитетот „Единство“ ја зазел страната на туѓинците, а не на „Бугарите“? Непосредно по апсењето, Беровски упатил писмо до К. Босилков, во кое запишал дека „со народното свето дело, туѓинци си играат комедија“. Беровски бил во право. Со делото на македонските востаници туѓинците (странските доброволци, но пред се бугарскиот фактор во „Единство“) навистина си играле комедија, а трагедијата во целата комедија биле жртвите што ги дале т.н внатрешни – Македонците.

Отстранувањето на Д. Поп Георгиев Беровски и убиството на С. Карастоилов, проследени со османлиската офанзива, фактички го ликвидирале најважното востаничко жариште во Мелничко. Четниците на Карастоилов се обиделе да го одмаздат убиството на својот војвода, поставувајќи им заседа на Д. Стателов и А. Калмиков, но не успеале да ги заробат. Стателов побегнал во Горна Џумаја, а набргу и Калмиков го напуштил востаничкиот регион. На почетокот на декември во с. Оштава се сместиле неколку војводи со 200 борци, но ситуацијата веќе била драстично променета. Повеќе не постоеле услови за активирање на востанието во овој регион, а дури и месното население одбивало да ги храни непознатите војводи.

Неуспехот на востанието им налагал на бугарските националисти и егзархиски свештеници негово брзо преустројство и реорганизација по бугарски терк. Со оваа задача бил ангажиран митрополитот Натанаил Охридски. Кон крајот на ноември тој се упатил кон Џумаја, „за да види што било сторено и да го поправи разрушеното“, а оттаму отишол

во Софија, каде што софискиот комитет „Единство“ му ги дал сите полномоштва за понатамошно раководење со востанието. Во Софија, Натанаил се сретнал со Словенецот Мирослав Хубмаер, доброволец во босанскохерцеговското востание. Иако митрополитот тврди во своите спомени дека никако не се согласувал со примање на туѓинци во востанието, тој го назначил М. Хубмаер за воен командант на востанието.

Натанаил Охридски бил жесток приврзаник на идејата за ширење на востаничката територија и герилска војна во повеќе македонски региони. Според него, едно периферно востание како Македонското востание во октомври и ноември 1878 година не можело да доведе до отфрлање на клаузулите на Берлинскиот договор. Од друга страна, тој бил егзархиски митрополит под влијание на бугарските црковно-политички кругови, и во отфрлањето на Берлинскиот договор гледал етапа во приклучувањето на Македонија кон Бугарија. Оттука, во контекст на улогата на Натанаил во Македонското востание, во јануари 1879 година војводата Ѓорѓија Пулевски запишал: „*Овде Бугарите си играат мајтап со нас и ја вртат водата на својата воденица заедно со црнокапецот Натанаил, кој е Македонец, ама повеќе влече на бугарско*“.

Во ваквата реорганизација на востаничкото дело на почетокот на декември активно се вклучил и идниот бугарски премиер, Стефан Стамболов, како претставник на трновскиот комитет „Единство“. Тој во Софија стигнал со прилично голема парична сума наменета за повторно активирање на востаничките дејствија. Стамболов, заедно со Натанаил и М. Хубмаер организирале и финансирале четнички одреди во Ќустендилско-Босилеградскиот регион, кои под будното око на М. Хубмаер биле обучувани за во погоден момент да ја преминат границата и да дејствуваат во внатрешноста на Македонија.

Главните востанички активности во овој период се одвивале на десниот брег на р. Струма, во регионот Каршијак, каде што бил преместен центарот на Македонското востание. По востаничките бранувања што уследиле по убиството на С. Карастоилов, Д. Поп Георгиев Беровски бил ослободен и упатен во слободната територија во Каршијак. На 1 декември тој веќе се наоѓал во довериниот реон. Таму неговата активност се одвивала во неколку правци – создавање на востаничка војска за одбрана на Каршијак од турските напади и формирање на востаничка власт од претставници на народот. На негов повик во Каршијак се собрале борците на С. Карастоилов и редица војводи. Тука тој ги собрал и повторно го мобилизирал и сите месни востаници што ја напуштиле Кресна по судирите со новото раководство и османлиската офанзива. Беровски вовел нова

организација во востаничките редови, создавајќи од нив по три одреди од по 100 борци. Приливот на нови востаници ја достигнал бројката од 550 борци.

Востанието во Каршијак во декември го опфаќало реонот по р. Лебница, на исток до р. Струма, а на северозапад до Малешевските планини. Центарот се наоѓал во селата Игралишта, Добри Лаки и Горемија. Истовремено со организирањето на воената, се изградувала и цивилната власт. Во секое село биле избрани управи од по тројца старешини и полициско началство. За капетан и судија на целиот реон бил одреден војводата Златко од с. Палат, а било уредено и заедничко управно устројство за Каршијак, со центар во с. Цапарево. Востанието постепено заземало поорганизиран карактер и се распространило на југ со с. Ѓурѓево (Петричко) и Градешница (Мелничко). Притоа биле забележани и неколку победи над османлиските војски, кои внеле нов елан кај востаниците и особено кај локалното население.

Меѓутоа, Д. Поп Георгиев Беровски и овој пат не бил оставен да ги реализира своите планови. Неговата суровост во пресметките со недисциплинираните на 14.01.1879 година резултирала со нов заговор и повторно негово апсење и отстранување од востанието. Оставено без здраво раководство и без сериозна помош однадвор, востанието во Каршијак започнало бавно да згаснува. Во втората половина на февруари 1879 година, Хусни бег од Петрич со 800 души редовна војска и башибозук навлегол во востаничкиот регион. Најпрво биле заземени селата Игралишта и Цапарево, а потоа и сите останати села што биле ослободени од востаниците. На тој начин згаснало и последното жариште на Македонското востание.

Востаничките сили што биле стационирани надвор од ослободената територија не биле правилно искористени за нејзина одбрана, туку биле испратени во внатрешноста на Македонија, т.е во нејзините југозападни региони. Понатамошните активности на овие чети немале допирни точки со Македонското востание, и оттука нема да ги разгледуваме. Во април 1879 година османлиската армија воспоставила целосна контрола во регионот. Кон средината на мај новиот востанички комитет испратил повик од Малешевските планини до целото население повторно да се крене на востание, но одзивот бил занемарлив. Од друга страна, врз населението деморализирачки се одразила веста дека руската војска ја напуштила Горна Џумаја, по што Турците почнале да се враќаат во Горноџумајскиот регион. Од овие причини, на 25 мај/6 јуни 1879 година, од с. Падеж, Натанаил Охридски издал наредба за демобилизација на четите и собирање на оружјето.

Како последица на османлиските жестокости при повторното воспоставување на османлиската власт во околијата, над 25.000 Македонци од Мелничко, Горноџумајско, Разлошко и други краишта на североисточна Македонија ги напуштиле родните огништа и пребегале во Кнежевството Бугарија.

Неуспехот на Македонското востание се должел на повеќе причини. Во прв ред, тој се должел на неповолната меѓународна ситуација по Берлинскиот конгрес, кога европската дипломатија не била заинтересирана за повторно активирање на Источната криза и ново прекројување на границите. Втората витална причина бил внатрешниот конфликт во востанието и судирот што настанал помеѓу внатрешната (македонска) и надворешната (бугарска) концепција за начинот на кој што требало да се развива Македонското востание. Притоа, големо влијание за неуспехот на востанието имало отстранувањето на неговите водечки фигури и нивна замена со славољубиви странски авантуристи. Меѓутоа, и покрај неуспехот, Македонското востание има значајно место во македонската историја, како настан кој го означува почетокот на организираното македонско националноослободително движење.

**BIBLIOGRAPHY:**


Битоски Крсте, Македонија во време на големата Источна криза (1875-1881), Скопје 1982

Български Патриарх Кирил, Съпротивата срещу Берлинския договор, Кресненското въстание, София 1955

Британски дипломатически документи по българския национален въпрос, Том 1, 1878-1893, Съставители: Весела Трайкова, Александър Гребенаров, Румен Караганев и Румяна Прахова, София 1993

Британски документи за историјата на Македонија, Том IV, 1857-1885 (Редакција Драги Ѓорѓиев), Скопје 2003

Ванчев Йордан, Кресненско-разложкото въстание, София 1968

Дойнов Дойно, Кресненско-Разложкото въстание, 1878-1879, Принос за неговия обхват и резултати, за вътрешните и външнополитическите условия, при които избухва, протича и стихва, София 1979

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Т.1, Скопје 1981

Жизнеописание митрополита охридо-пловдивскаго Натанаила (автобиографични бѣлѣжки), Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн. XXV, София 1909

Зб. Димитар Поп Георгиев – Беровски и неговото време (Материјали од тркалезната маса што се одржа на 11 октомври 1990 година во Берово), Скопје-Берово 1991

Зб. Војводата Ил̂о Марков-Малешевски и неговото време (Прилози од научниот собир со меѓународно учество одржан на 06 и 07 мај 2000 година во Берово), Берово 2002

Зб. Кресненското востание во Македонија 1878-1879 (Материјали од научниот собир одржан по повод 100-годишнината од Востанието, Берово, 2-3 октомври 1978), МАНУ, Скопје 1982

Зб. Кресненско-Разложкото въстание 1878, София 1970

Зб. Македонија во Источната криза 1875-1881, Скопје 1978

Катарџиев Иван, Кресненското востание, 1878, Скопје 1978

Катарџиев Иван, Серската област (1780-1879), Економски, политички и културен преглед, Скопје 1961

Кацаров Г. – Кепов Ив., Документи за Кресненското въстание от 1878, София 1942

Македония, Сборник от документи и материали, София 1978

Минов, Никола. Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903). Скопје, Арс Либрис, 2013.

Миноски Михајло, Борбата на месните македонски водачи за зачувување на самостојноста во раководењето со Кресненското востание, Гласник на Институтот за Национална Историја, XVII/1, Скопје 1973

Поплазаров Ристо, Македонското кресненско-разлошко востание, Во чест на неговата 100-годишнина, Скопје 1979

Стојчев Ванче, Воената и политичката стратегија на Македонското-Кресненско востание од 1878-1879 година, Одбрана, год. XIV/106; XIV/108; XIV/111; XIV/114; XV/117, Скопје 2005-2006

Француски документи за историјата на македонскиот народ, Серија VI, Том I (1878-1879), Под редакција на Андрија Лаиновиќ, Иван Катарџиев и Љубомир Герасимов, Скопје 1969